Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 139

Февруари 2024 г.

цена 20 денари,

**Гордана ПЛЕШКОВА,**
**наставничка која е во фокусот на јавноста**



## Вратена е надежта на многу учители да бидат горди за она кое го работат

Quehenberger logistics

ОКИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

*Со **д-р Александар МИШЕВ,** специјалист офтамолог, раководител на Одделението за очни болести во Клиничка болница Штип*



## Само на катаракта месечно вршиме по 100 операции, останувам во мојот Штип зашто само дома си е дома

## Наташа ДИДЕНКО со монографија му оддаде почит на создателот на Музичкото училиште Сергеј МИХАЈЛОВ





**Со Никола МИЦЕВСКИ, пратеник од Штип, координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во Собранието на Македонија**

## Власта ќе доживее тежок пораз, народот ќе биде сведок на историска победа на ВМРО ДПМНЕ

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

*Иван Бојаџиски*



# Работи кои го дефинираа Штип како град од посебно значење, но...

Пред нови избори сме. За претседател на државата и за нов состав на Собранието (Парламентот) на Македонија. Тоа ќе бидат седми по ред претседателски и единаесетти по ред паламентарни избори во годините на независна и суверена Република Македонија.

Почетокот на независниот живот на нашата држава го одбележаа – штипјани. Првиот претседател штипјанецот Киро Глигоров ја водеше државата од 1991 до 1999 година, првата Влада која беше експертска популарно се нарекуваше „штипска влада“ зашто на нејзино чело беше Никола Кљусев, а и двајца министри на важни ресори МВР и правда-Јордан Мијалков и Ѓорѓи Наумов-исто така по место на ра- ѓање беа штипјани.

Но, и на други високи и исклучително значајни функции, како први нивни носители, беа штипјани. Така,претседател на Уставниот суд беше Јордан Арсов, на МАНУ Јордан Поп Јорданов, поглавар на МПЦ беше господин господин Михаил...

И, сега, што ми е зборот?

Работите за кои пишувам погоре се работи кои јасно го дефинираа нашиот Штип како град од посебно значење за нашата држава. Кога толку многу кадри има дадено градот во едно толку пресудно време какви што беа почетните години од нашата независност, тогаш тој факт мора да го дефинира(л) Штип како град со посебни квалитети и од посебно значење.

Но, прашањето ми е, како ние, во изминативе 33 години на самостојна македонска држава им се оддолживме на овие луѓе? Јас би рекол-никакo.

Градот не најде сила и (или) политичка волја да изгради групен споменик на спомнатите кој ќе потсетува на значењето на Штип за државата во едни тешки и преломни времиња? Ниту една локална власт не се сети на една клучна локација во Штип да постави споменик на Глигоров, Кљусев, Мијалков, Наумов, Арсов, г-дин Михаил, Поп Јорданов во знак на нивното капитално дело за нивната мудрост и посветеност во мирната политичка, економска и секаква друга транзиција на Македонија.

Да имаше некој друг град приказна за себе од ваков калибар не само што ќе подигнеше споменик на тие луѓе туку и на погодни за тоа места ќе ставеше нивни цитати кои имаат големо цивилизациско значење, а доаѓаат од политичари на една мала држава лоцирана на немирниот Балкан. Тука пред се мислам на судбинската реченица на претседателот Глигоров која ја изрече при повлекувањето на ЈНА од Македонија и Штип. На „идејата“ на некои тогашни политичари да се напаѓаат конвоите на тогашна ЈНА за да им се „земат“ тенкови, топови и секакво друго оружје, Глигоров го кажа следново:

„Нека го носат, овој куп железо не е вредно за ниту еден загубен човечки живот“!

Има и уште многу други работи да се кажат и напишат на оваа тема. Зашто спомениците и спомен обележјата најречито говорат за важните периоди од постоењето на државата и за значајните личности кои ги носеле најголемите политички одлуки на тоа време.



Наставничката Гордана Плешкова од ООУ „Тошо Арсов“ неодамна замина во пензија, а учениците од повеќе генерации кои таа ги учела и колегите и приредија испраќање за незаборав. Со Плешкова разговараме за нејзината работа и емотивниот момент кој и се случи на крајот од кариерата.

**Гордана, како течеше вашата кариера во образованието и дали учителствувањето има(ше) традиција во Вашето семејство?**

Во образованието поминав скоро 43 години воспитувајќи и образувајќи генерации на ученици од одделенска настава од I до IV одделение, а последните 4 генерации, до V одделение. Мојата професионална кариера ја започнав во далечната 1982 година, во ОУ„Славејко Арсов“ во населба Баби, каде што работев 9 години, до 1991 година, а потоа мојот професионален пат го продолжив и заокружив во ООУ „Тошо Арсов“. Со гордост можам да истакнам дека потекнувам од семејство на едни од првите учители кои самопожртвувано, воспитуваа и образуваа многу генерации на ученици. Двајцата мои родители, Даница и Михаил Протогерови, беа истакнати просветни работници. Преку нивните дела и беспрекорна работа низ децениите оставија траен белег во воспитно - образовниот процес во Штип и околината. Гледајќи ги секојдневно како со љубов и восхит зборуваа за успесите на своите ученици, во мене се раѓаше љубов кон оваа благородна професија, Моите родители секојдневно се надополнуваа еден со друг споделувајќи идеи за по креативно реализиран час. Често пати одев во нивното училиште и ја чувствував љубовта која им ја возвраќаа учениците. Затоа, по завршувањето на средното образование, веќе знаев во кој правец ќе ја градам мојата професионална кариера. Се запишав на Педагошката Академија, а потоа и на Факултетот за образовни науки. Студирањето и надоградувањето за мене беше задоволство, затоа што имав од кого да учам и да собирам искуства.

**Што вам Ви значеше работата со децата? Има една кинеска поговорка која вели вака: „Оној кој ти бил учител макар и на еден ден, ти станал татко за цел живот“...**

Да се работи со деца е задоволство и привилегија. За да ја работиш оваа најблагородна професија најнапред треба да ги сакаш децата, да навлезеш длабоко во нивната чиста душа, а тие потоа сами ти се доближуваат и ја споделуваат љубовта која учителот им ја дава. Ги сакам децата толку колку што ги сакам моите сопствени деца. Децата се непроценливо

**Гордана ПЛЕШКОВА**, наставничка која е во фокусот на јавноста

# Вратена е надежта на многу учители да бидат горди за она кое го работат

богатство. Се што правам, го правам како вистински родител кој сака да го види своето дете на пиедесталот на успехот. Токму тоа ме прави среќна, нивните успеси и нивната љубов. Со нив ги споделуваш и среќните и тажните моменти. Тие се' што имаат, споделуваат со учителот почитувајќи го како свој втор родител, а учителот е тука да ги посоветува и да им укаже на грешките или да ги пофали за успесите.

**Има разни профили на деца:мирни, посветени на наставата и на наставникот, палави кои сакаат да се „главни“ во класот, одлични и слаби како ученици**...

Во мојата пракса наидов на различни по карактер ученици кои доаѓаа од разни средини и структури на социјални семејства, но секогаш додека другите ученици трчаа по ходниците, јас со моите ученици од најмала возраст разговарав отворено, ги советував, им давав примери како треба да се однесуваат во училиштето, во училницата, во домот, да ги почитуваат возрасните, како да ја задржат човечноста во себе, да го шират другарството, да помагаат на послабите од нив, да го почитуваат кодексот на однесување, ги мотивирав со пофалби и награди и секогаш им ја повторував нашата парола „ЈАС МОЖАМ, ЌЕ УСПЕАМ“. Сето тоа допринесе сите мои ученици да бидат успешни луѓе, ценети граѓани во општеството, луѓе кои знаат да си го почитуваат пред се' семејството, пријателите и сите останати категории на граѓани, луѓе со кои не само што јас се гордеам, се гордее и нашата земја, во и надвор од нејзините границите.

**Кога учениците ви го приредија неверојатното испраќање си помисливте ли дека сите ваши работни години имале смисла макар и само за овој голем чин?**

Во ова мое емотивно, но за мене пред се' гордо испраќање, без да го насетам нивното ангажирање, учествувале сите мои ученици и група на родители. Направиле група и еден по еден се приклучувале поддржувајќи ја идеата на моите сопствени деца. Кога излегов да се испратам со родителите од последната наша родителска средба, во холот на училиштето, прво што слушнав беа стиховите „Учителке, ти пееме, благодарни за твојот убав труд“ стихови од песната „Мојата учителка“. Слегов во холот, веднаш ме обземаа емоции кога ги забележав, во тој момент, моите ученици собрани од различни генерации, среќни, со насмевки на лицата па и по некоја солза, ги имаше од сите генерации. Во тој момент се вратив многу години наназад со сеќавањата. Сите ги препознав, аплаудираа од срце, со љубов и благодарност за грижата и топлата подадена пријателска рака на учителката. Немам зборови за да Ви го пренесам чувството кое го доживеав. Да ги видиш твоите ученици од пред 43 години, успешни граѓани, на едно место, тоа не се опишува, тоа само еднаш се доживува. За привилегијата која што ми ја укажаа моите ученици, им се поклонувам и вечно ќе сум им благодарна. Гордо ќе го чувам овој настан во моето срце додека дишам. Благодарност и до моите ценети колеги кои беа присутни на настанот и ми дадоа почит и поддршка, како и на сите кои успеаа да ми го направат најсреќен овој последен ден од заедничката дружба во училиштето. Моите ученици организирајќи го овој настан за прв пат кај нас, им ја вратија надежта на многу учители да бидат горди на она што го работат, докажаа дека секој вложен труд и љубов од учителот, знае да се вреднува и цени.



*Од испраќањето на Плешкова во пензија*

**Луѓе од разни професии велат: „Уште еднаш да се родам пак ќе бидам тоа што си бев.... Што денес си велите Вие?**

И повторно да имам можност да бирам, би ја избрала оваа за мене најблагородна професија која моите родители како аманет ми ја подарија. Со оваа моја до крај реализирана мисија се одолжив на моите родители и нивните најблиски роднини кои беа вклучени во воспитно - образовниот процес. Моите деца не ја избраа ова моја професија која од срце ја сакам и за ниту една друга не би ја заменила, но на многу мои помлади колеги им го дадов моето 43 годишно богатство од материјали, совети, помагала и се' што поседував потребно за наставната програма, да се сеќаваат на мене и моите дела.

**За крај што би им препорачале, каков совет би им дале на Вашите помлади колеги ...**

На помладите мои колеги им порачувам да бидат праведни, искрени, реални и за сите еднакви, да не прават поделби и да бидат горди што ја работат најубавата професија. Да се биде учител не е лесно, а уште потешко е цел работен век да се работи чесно, но доколку чесно и праведно работите, вашиот успех ќе биде загарантиран. Почитувајте ги и применувајте ги советите од повозрасните и поискусните ваши колеги, учете од нив, затоа што ниту една книга не може да ја надмине долгогодишната пракса и искуство.

**Со д-р Александар МИШЕВ, специјалист офтамолог, раководител на Одделението за очни болести во Клиничка болница Штип**

# Само на катаракта месечно вршиме по 100 операции, останувам во мојот Штип зашто само дома си е дома

Доктор Александар Мишев, раководител на Очното одделение при Клиничката болница во Штип, е единствениот офталмолог во Источна Македонија кој е специјализиран очен хирург. Над една деката тој е единствениот доктор кој врши операција на очи и лекува очни болести на пациенти од Источниот, а дел и од Југоисточниот регион. Со доктор Мишев разговараме за неговата посветена работа на зачувување на видот на граѓаните.

**Д-р Мишев, меѓу народот се говори дека листата на чекање за операција на око е прилично долга. Како стојат работите по ова прашање?**

-Фактите ни говорат дека на оваа листа постојано има од 700 до 800 лица. Интересен е фактот дека колку повеќе операции извршуваме, се повеќе се зго-



лемува бројот на болните. Треба да се знае дека Очното одделение при Клиничка болница Штип опслужува подрачје со околу 250.000 жители од Источниот и дел од Југоисточниот регион. Ги има од сите градови, од Кочани, Берово, Делчево, Пробиштип, Радовиш, Струмица и од сите соседни во овој крај, а најмногу се од Штип. Но,преку Мој термин има пациенти и од другите региони во државата што во последно време е дозволено и се практикува.

**На Очното одделение при нашата Клиничка болница, иако таа е од регионален карактер, само Вие вршите операции на окото. Зошто е тоа така?**

-Дванаесет години сум во штипското Очно одделение. Првите години имав неколку колеги специјалисти, но набрзо поради заминување во пензија или со одредени трансфери се случи Очното одделени да остане само со двајца специјалистии. По сплет на објективни околности, операциони зафати вршам само јас. Во болница од регионален карактер треба да има повеќе специјалисти кои ќе можат да вршат операции на окото со што и листата на чекање значително ќе се намали.

**Што Ви кажуваат бројките, колку минатата година имавте операции на окото?**

-На Очното одделение во Штип минатата 2023 година се реализирани над 1.000 операции, во најголем дел тие биле операции на катаракта (перде). Операции нема само за време на летниот период кога се годишните одмори и на крајот од годината. Или, поточно кажано, месечно на нашето одделение се вршени по нешто над 100 операции.

**Вие не само што сте единствен во овој регион кој врши операции на окото, туку имате и ангажмани во однос на прегледи на пациентите...**

-Да, тоа е точно зашто јас и моите колеги имаме и секојдневни ангажмани и со прегледи и контроли на пациенти кои имаат проблеми со видот, како што е дијабетичната ретинопатија, болест која е мошне проширена кај луѓето со зголемен шеќер, а пациенти со такви проблеми откриваме од 10 до 15 месечно. Тука се и проблемите кои ги создава високиот очен притисок или болеста глауком која е прогресивна, се оштетува очниот нерв и доведува до ослабување на видот, па и до можно слепило.

**Клиничка болница набави нови апарати за Очното одделение, тие апарати се наменети за брзо и ефикасно откривање и дијагностицирање на широката лепеза на болести на очите. Еден од нив е најновиот ОСТ апарат кој е во функција речиси половина година. Колку е тоа значајно за успешната работа на Вашето одделение?**

-Апаратот ОСТ чини 42.000 евра и е набавен со сопствени средства на Клиничката болница – Штип. Со овој апарат се откриваат болести на ретината пред сè предизвикани од дијабетес, сенилната макуларна дегенерација, болест која значи замаглување на централниот вид, промените на васкуларните крвни садови и разните воспаленија на очите и било какви промени на очното дно. Наопходно е само граѓаните навреме да доаѓаат на лекар кога ќе забележат дека со очите и нивниот вид нешто се случува“, вели д-р Мишев.

**На одделението за очни болести работи мала екипа, ако се има во предвид регионалниот аспект на Клиничка болница. Што фали од кадар и како тоа да се надомести?**

-Точно е тоа дека ние сме мала, но од исклучително значење е што сме стручна и мошне сложна и

уиграна екипа на која пациентите ѝ се врвен приоритет. Сега сме само двајца специјалисти, а оптимално е да бидеме најмалку пет, недостасуваат и медицински сестри, сега се четири, а има потреба за уште толку. Истото важи и за останатиот кадар, болничари и хигиеничари. Тоа се важни прашање кои мора да се решаваат во наредниот период заедно со раководството на Клиничката болница и со соодветните министерства.

**Од Ваше искуство-дали нашите луѓе имаат адекватен однос кон своите очи, односно дали на време се јавуваат на офтамолог или...**

-Здравствената култура на нашиот народ во однос на видот е се поголема и е на многу повисоко ниво од порано. Со воведување на систематски преглед на дечињата кои треба да се запишат во прво одделение, со сите препораки кои ги пренесуваме до нивните родители кога кај своите деца ќе забележат



*Д-р Мишев со тимот од неговото одделение*

проблем веднаш да се јават на очен лекар, дава резултати. Но, има и поинакви примери на луѓе во седма или осма деценија од животот на кои видот на едното око со години или децении им е намален, а на другото им е добар па на време не се јавуваат да си го решат овој голем здравствен проблем, па кога видот и на окото кое гледало добро ќе почне да се намалува тие бараат спас од страв целосно да не го загубат видот.

**Со напливот на новите технологии младите се повеќе се изложени на зрачење од кое страдаат и очите. Кој е Ваш совет за тоа како тие да бидат во допир со најновите технологии, а притоа да не си го загрозат видот...**

-Со достапноста на интернетот и, како што велите новите технологии, мобилните телефони, компјутерите децата над тригодишна возраст и младите, тинејџерите посебно секојдневно се изложени на електромагнетни зрачења. Промените се евидентни: главоболка, заматен вид придружен со црвенило и солзење, до нагло зголемен раст на деца и млади кои стануваат кратковиди со минус диоптрија и имаат потреба од носење на очила за гледање на далеку. Моја препорака е слична на сите офтамолози во светот и кај нас современата технологија од која не може да се побегне да се користи во што помал обем, ако сте на компјутер да правите почести паузи, одмор на очите со нивно затворање на кратко, прошетки со поглед на природата и на далеку, користење на заштитни стакла за очите при работа на компјутер, користење на вештачки солзи за освежување на солзниот очен филм.

***Ние сме мала но сме стручна и мошне сложна и уиграна екипа на која пациентите ѝ се светост. Сега сме само двајца специјалисти, а оптимално е да бидеме најмалку пет, недостасуваат и медицински сестри, сега се четири, а има потреба за уште толку...***

**И за крај, едно сосема лично прашање. Постојано се говори за Ваше напуштање на работата во Клиничка болница и заминување на работа во некој од приватните клиники во Скопје. Луѓето се вознемирени од такви информации и се прашуваат, ако и заминат најдобрите доктори од Штип кој тоа ќе се грижи за нивното здравје?**

-Од првата година кога станав специјалист-офтамолог, секоја година, еве веќе тринаесетта по ред, до мене доаѓале и доаѓаат понуди за премин на работа во некоја од приватните здравствени организации. Да бидам искрен до ден денешен во тие преговори не станувало збор за финансискиот дел на понудата. Мојот одговор секогаш бил дека сеуште не е време за таков трансфер, на оние кои го нудат тоа им велам „дојдете за година или две па ќе разговараме". Јас си го сакам мојот Штип, тука ми е семејството, сопругата, двете мали деца, работам во одлична средина, поставеноста и функционирањето и на Клиничка болница и на нашето одделение се за пример...Си го сакам својот народ тука, а и многу ја почитувам народната „само дома си е дома".

***Од првата година кога станав специјалист-офтамолог, секоја година, еве веќе тринаесетта по ред, до мене доаѓале и доаѓаат понуди за премин на работа во некоја од приватните здравствени организации. Мојот одговор секогаш бил дека сеуште не е време за таков трансфер, зашто си го сакам мојот Штип, своите пациенти, тука ми е семејството, сопругата, двете мали деца, работам во одлична средина, поставеноста и функционирањето и на Клиничка болница и на нашето одделение се за пример...***

**Т.Јовановски-И.Бојаџиски**
**Фото: Ал. Максимов**

**Со Никола МИЦЕВСКИ, пратеник од Штип, координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ во Собранието на Македонија**

# Власта ќе доживее тежок пораз, народот ќе биде сведок на историска победа на ВМРО ДПМНЕ




**Г-дин Мицевски, пратеник сте од Штип во Собранието на Маќедонија и сте координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, на прагот сме на нови парламентарни и претседателски избори, па која е Вашата оценка за состојбата во државата?**

- Да, ни преостануваат уште отприлика 40-тина дена до изборите, до 8-ми мај, денот кога со сигурност ќе се случи долгоочекуваната и потребната промена во Македонија, денот кога ВМРО-ДПМНЕ ќе добие огромна поддршка од граѓаните да ја предводи идната Влада на Република Македонија. Тука сакам да потенцирам дека внимателно и неслучајно ги употребив зборовите „долгоочекуваната и потребната промена во Македонија". Воедно, токму овие зборови, генерално го даваат одговорот на Вашето прашање за оценката на состојбата во државата. Сметам дека во Македонија, како никогаш досега, промената е неопходна и неизбежна бидејќи состојбите во државата и во македонското општество, никогаш не биле толку лоши, драматични и катастрофални.

Затоа, слободно можам да констатирам дека иако мојот личен став и ставот на ВМРО-ДПМНЕ се буквално на идентична линија со ставот на огромното мнозинство на граѓани дека состојбата во Македонија е страшна и алармантна, сепак за нас најважна е оценката на граѓаните, а таа оценка, како што можеме да видиме и слушнеме од нив, вели дека оваа власт е убедливо најлошата власт која што Република Македонија некогаш ја имала. Така да, очигледно и јасно е дека сме пред прагот на промената и обновата која ќе го возврати ударот на корупцијата и криминалот и ќе ја врати надежта на граѓаните и повторно ќе ја направи Македонија достоинствено и убаво место за живеење.

**Ако е така тогаш се поставува прашањето што направи пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ за таквата состојба да се поправи?**

- Бидејќи ова прашање е директно поврзано со мојот делокруг на секојдневни активности и работа во Собранието, јас од позиција на координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе бидам објективен, искрен, но и нескромен и ќе речам дека буквално целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата, која впрочем е најголемата и најбројната пратеничка група во законодавниот дом, низ целиот мандат, секојдневно и неуморно работеше, нудеше позитивни законски решенија, поднесуваше безброј амандмани, повикуваше на транспарентност и почитување на законите,бараше спроведување и почитување на Деловникот, процедурите и правилата, но и активно и аргументирано учествуваше во секојдневните јавни дебати, пленарни седници и седници на комисиите, се' со цел да се обидеме да дадеме придонес и да го пренесеме гласот на народот кој што постојано се обидуваше некако да стигне до власта и владејачкото мнозинство. За жал, во најголема мера власта остануваше глува и не го слушаше гласот на народот. Сметам дека пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ од позиција на опозиција, колку што ни дозволуваа сите демократски и деловнички алатки, во овој мандат направи многу повеќе од она што власта го очекуваше од нас.

Во таа насока, не можам а да не го споменам решавањето на проблемот на граѓаните со возачките дозволи, но и решавање на проблемот на 100 илјади граѓани кои ќе можат да гласаат на овие избори токму поради упорноста и решителноста на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Значи, продолжувањето на рокот на важноста на возачките дозволи, но и решавањето на проблемот на 100 илјади граѓани да можат да си го остварат уставно загарантираното право на глас на избори, немаше, повторувам, немаше да се случат без пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Да ве потсетам, се осврнав само на решавање на два проблеми од последните два месеци, бидејќи доколку започнав од почетокот на мандатот, одговорот со сигурност ќе беше далеку поопширен и поголем.

Да сумирам, одговорот на ова прашање е: да, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во овој мандат, и покрај сите опструкции и сопки, направи, поправи и реши многу проблеми кои што токму владејачкото мнозинство ги создаваше во текот на целиот мандат поради својата негрижа, непрофесионалност и сервилност. Затоа велам, разликата помеѓу пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и останатите пратеници во Собранието е евидентна и дијаметрално спротивна. Тоа е факт кој што не го кажува ВМРО-ДПМНЕ, туку факт кој што граѓаните го препознаваат и потврдуваат.

**Да одиме на Вашиот Штип од каде тргна Вашата политичка кариера. Со градот и општината**

**управува Вашата партија која е доминантна и на челната градска/општинска позиција и во Советот...Како ги оценувате овие 2,5 години од вашето владеење со општината, што добро е направено, а што не, а можело да биде подобро за Штип и штипјани?**

- Да, Штип е мојот дом и мојата душа и оттука започна се'. Моите почетоци во ВМРО-ДПМНЕ датираат уште од моите средношколски денови, од Унијата на млади сили, па се до денес, каде што сум член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, односно во ВМРО-ДПМНЕ сум речиси целиот мој живот, поминувајќи ги буквално сите скалила и нивоа во партиската организација и поставеност. Во однос на почетоците и од каде тргна мојата политичка кариера, тука би рекол дека доколку би морал да ставам некоја временска рамка кога таа започна, тоа би било 2014 година бидејќи сепак, тоа е годината кога започнав посериозно и на централно ниво да се занимавам со политиката и со сите предизвици кои што таа ги носи со себе. Зошто баш 2014 година, бидејќи тоа е годината кога бев избран и ја добив честа да бидам пратеник во Собранието на Република Македонија. Таа година добив можност да ги претставувам, бранам и застапувам интересите на граѓаните кои ми ја доделија довербата од 3-тата изборна единица, но и интересите на сите граѓани од целата држава. Од тој момент па навака, тоа е мојата цел, секогаш да работам во интерес на сите граѓани и да дадам придонес во решавање на проблемите со кои што тие се соочуваат, без оглед за каков тип на проблеми станува збор.

***Сигурен сум дека на 8-ми мај, ВМРО-ДПМНЕ, Македонија и граѓаните ќе ја донесат историски најголемата победа. Мојата конечна прогноза за исходот од претстојните претседателски и парламентарни избори е тежок пораз на власта и огромна историска победа на ВМРО-ДПМНЕ.***

**И?**

Како што реков пред малку, оттогаш па се до денес, политиката е моето секојдневие. Деновите ми се целосно исполнети со секојдневни работни обврски како координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но дополнети и со редовните партиски и теренски активности кои што ги имам како член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. И покрај сето ова, успевам, со добра организација, моето слободно време да го посветам и на семејството и пријателите бидејќи тоа се миговите кои ми ги полнат батериите и ми пренесуваат позитивна енергија која ми е потребна за да можам успешно да ги исполнувам секојдневните работни обврски и задачи.

Во однос на вториот дел од прашањето, би сакал да кажам дека штипјани пред 2 и пол години, на локалните избори испратија силна порака дека дотогашната локална власт предводена од СДСМ не ги исполнила ветувањата и одлучија својот глас и огромна доверба да го дадат за програмата, планот и визијата за развој на градот на актуелниот градоначалник на Штип, Иван Јорданов, кој доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ.

Така го започнав одговорот на ова прашање, бидејќи сметам дека е неблагодарно јас да давам оценка за тоа што, како и дали е сработено во Штип од страна на локалната власт во изминативе 2 и пол години. Сметам дека најрелевантната и најреалната оценка е оценката на граѓаните. Тие најдобро знаат да одлучат и оценат кој, како, колку и дали работи за доброто на Штип и штипјани. Не е толку важно што мисли Никола Мицевски или некој друг поединец од раководството на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ или некоја друга политичка партија, туку за Штип, релевантен е гласот на народот, најважни се штипјани бидејќи тие се главниот и единствениот оценувач. Тие даваат оцени, добри или лоши, позитивни или негативни.

Во таа насока, отприлика за 18 месеци од денес, повторно ќе имаме локални избори каде што граѓаните ќе имаат можност да го дадат конкретниот одговор на ова прашање. На тој ден, граѓаните преку гласачкото ливче ќе ја оценат работата на актуелната локална власт.



На крајот, она што би можел јас да го дадам како одговор е дека генерално, во Штип во овие изминати 2 и пол години гледам и чувствувам позитивни и реални промени. Верувам дека оваа локална власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ, посветено, секојдневно и напорно работи за доброто на Штип и штипјани и знам дека така и ќе продолжи до крајот на својот мандат успешно реализирајќи ја својата програма и визија за развој и напредок на Штип. Најголеми добитници од тоа ќе бидат штипјани, но и цела Македонија бидејќи токму Штип е градот кој дал многу за Македонија на секое поле, било тоа историско, културно, економско, интелектуално или пак спортско. Би завршил со една реченица, убав и модерен Штип, ќе значи убава и модерна Македонија.

**Кој е Вашиот придонес за Штип и Општината како прва личност на ВМРО ДПМНЕ во Парламентот?**

- Мојот придонес за Штип од Собранието е константен и постојан, без разлика дали сум делувал и дејствувал од позиција на пратеник или пак координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, во изминативе 10 години, откако сум избран за пратеник во македонското собрание, директно сум учествувал во голем број на проекти кои што се однесувале конкретно на Штип, но и напредокот и развојот на штипскиот регион. Тука можам да споменам крупни проекти од типот на изградбата на автопатот Миладиновци – Штип, проект во кој што директно учествував во подготовката на законите кои значеа проектирање, изградба и финансирање на овој автопат. Исто така, директно учествував и во изработка на законите за реализација на експресните патишта Штип – Кочани и Штип – Радовиш. Морам да го

споменам и проектот за изградба на Клиничката болница во Штип, проект кој што е од огромно значење не само за Штип, туку и за поголемиот регион кој гравитира околу Штип. Мојот придонес за Штип, постојано го остварувам и преку амандмани кои јас лично ги поднесувам и барам средства за нивна реализација. Конкретно, преку амандман сум обезбедил средства од државниот буџет за реконструкција на бањата Кежовица. На истиот начин, сум обезбедил средства и за поставување на заштитна ограда на тротоарите покрај речиси целиот кеј на реката Отиња. Исто така, од државниот буџет сум побарал и сум добил средства за изградба и поставување на конзоли на реката Отиња, со што сум дал придонес за подобри услови за проширување на улиците и зголемување на безбедноста на пешаците.

Ова се само мал дел од проектите за кој што како пратеник во изминативе 10 години, сум дал огромен придонес за тие да се реализираат и спроведат.

**Како координатор на пратеничка група имате можности за средби со претставници на странски држави во Македонија, излезе ли нешто добро и за Штип од тие средби?**



- Да, речиси секогаш на средбите со претставници на странски држави ја користам приликата да го промовирам мојот роден град, да ги презентирам неговите природни убавини, културни и историски богатства, но и човечки и работнички потенцијал и капацитет кој што несомнено градот Штип ги поседува.

Исто така, она што можам да го направам и верувам дека успешно го правам, е тоа што речиси на секоја средба од таков или сличен карактер, се обидувам да воспоставам контакт, соработка и директна комуникација на локалната власт со претставници на заинтересирани и потенцијални странски компании кои подоцна би резултирале со некоја нова странска инвестиција, која би донела нови вработувања и свеж капитал во градот Штип. Така да, покрај моето директно и секојдневно делување за Штип од Собранието на Република Македонија, ова е уште еден од дополнителните и индиректните начини и методи преку кои што се обидувам, можам и сакам да дадам придонес за Штип и штипјани.

**Дали Штип се развива во вистинска насока, му пречи ли на претпоставениот развој фактот дека локалната власт е од вашата - опозициска партија, додека централната власт ја има вашиот најголем политички ривал во годините на нашата самостојност?**

- Како што кажав и во некој од претходните одговори, лично сметам и чувствувам позитивни промени во градот кои што се резултат на работата на оваа актуелна локална власт предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Но за жал, гледаме дека тој развој на некој начин се попречува и не се дозволува да земе поголем замав бидејќи како што гледам, локалната власт се соочува со одредени сопки при реализација на одредени проекти кои што се во интерес на штипјани.

Постојано укажувам дека мора дневната политика и политички препукувања и несогласувања да се тргнат и да не се мешаат со политиката на локалната власт и спроведувањето на зацртаните проекти и идеи бидејќи локалните проблеми на граѓаните и нивното решавање мораат да бидат на врвот на листата на приоритети. Очигледно опструкциите од централната власт предводена од СДСМ влијаат на слободниот и нормалниот развој на градот Штип. Тоа мора веднаш и засекогаш да престане.

Конкретно, во овој момент донесувањето на новиот Детален урбанистички план за развој на Штип се поврзани со одредени финансиски средства кои што централната власт во моментов ги кочи. Општина Штип

***Општина Штип има реален проблем да дојде до одредени финансиски средства за проекти кои што локалната самоуправа уредно аплицира и ги има предвидено за реализација бидејќи токму централната власт овие проекти ги попречува и одолговлекува***

има реален проблем да дојде до одредени финансиски средства за проекти кои што локалната самоуправа уредно аплицира и ги има предвидено за реализација бидејќи токму централната власт овие проекти ги попречува и одолговлекува.

Од друга страна, Општина Штип постојано бара алтернатива и сама се труди да обезбеди средства за реализација на проектите. Доколку Ви текнува, нашата општина беше подготвена да издаде обврзница, која ги помина сите законски процедури, но сепак закочи кај Владата и таа до ден денес не го дозволува тоа. Зашто Владата не го дозволува тоа, одговорот мислам дека го знаеме сите.

**Која е Вашата прогноза за престојните избори за претседател на државата и за пратеници во новиот македонски парламент?**

Овие избори ќе бидат порака до власта од сите граѓани кои 7 години гледаат како пред нивните очи се руши и уништува државата и како оваа власт без никаков срам удира врз достоинството на сите категории на граѓани, и на млади, и на доктори, пензионери и работници, земјоделци, студенти, буквално врз достоинството на сите граѓани.

Токму затоа, бидејќи оваа власт се соочува со историски најлошиот резултат и заминување во политичката историја, сметам дека нема да имаме фер и демократска изборна атмосфера и трка бидејќи и тие самите знаат дека по 8-ми мај, по победата на ВМРО-ДПМНЕ, ќе следува одговорност за сите злодела, за сите оние кои што се огрешиле и пред законот и пред граѓаните.

# Разубавување со зеленило, систем за подземно наводнување и подготовки за нов, најголем парк

ЈП „Исар“ посветено работи на ново озеленување на дел од коритото на реката Отиња и на паркови површини во дел од урбаните заедници. Во исто време Општина Штип работи на подготовки за нов, најголем и посебен парк на локација во близина на рени бунарите.

-Во коритото на реката Отиња засадивме 250 зимзелени дрвца од типот Ауреа Нана (бор) кои можат да растат до максимум два метри. Во исто време долж тревните површини од двете страни на речното корито инсталиравме систем за подземно наводнување на тревата по систем прскалки и капка по капка. Ваков систем инсталиравме на потегот од мостот кај црквата „Свети Никола“ до Гимназијата „Славчо Стојменски“, вели Кирил Зајков, директор на ЈП „Исар“.

Зајков информира дека ова е направено со идеја да се разубави коритото на култната река, а целокупната работа ја изведувале работници и стручњаци од јавното претпријатие.





***Додека ЈП „Исар“ инсталира системи за подземно наводнување на тревата и новите садници од бор во коритотот на реката Отиња и во двата парка во населбата„8 Ноември“, Општина Штип забрзано работи на проектот нов парк од 50.000 метри квадратни кај рени бунарите во кој ќе бидат инвестирани еден милион евра општински пари.***

Во текот на овие два месеци ЈП „Исар“ работи на инсталирање системи за наводнување на тревниците во големиот и малиот парк во урбаната заедница „8 Ноември“. Овој систем, според директорот Зајков, е во должина од 600 метри, а во големиот парк се засадени 40 разновидни садници кои се погодни за живот во услови на нашето поднебие.

Зајков очекува кон акцијата за засадување поголем број дрвца да се вклучат и општествено одговорни компании за што веќе имало и конкретни најави. Дрвцата кои се засадуваат се јавор, јасен, јапонска цреша, индиски јоргован...

Посебната вест која ќе ги израдува штипјани е информацијата која ни дојде од градоначалникот Иван Јорданов за тоа дека Општина Штип ги прави неопходните подготовки за уредување на нов, најголем парк каков што градот досега немал.

-Паркот ќе биде лоциран во близина на рени бунарите, ќе зафаќа површина од 50.000 метри квадратни, сообраќајно ќе биде поврзан со булеварот „Партизанска“. Проектот е донација на штипското Студио Атриум дизајн, а вкупната инвестиција на овој зафат е еден милион евра. Парите целосно ги обезбедува Општина Штип од својот буџет, ни рече Јорданов.

Градоначалникот информира дека паркот ќе го уредува (гради) специјализиран фирма која наскоро ќе биде избрана на тендер.

# Ќе ја биде ли регионалната депонија кај Мечкуевци или...



Источниот плански регион подолго од 25 години се обидува да изгради регионална фабрика за преработка на отпадот (популарно – депонија) и исто толку време оваа убава идеја и голема потреба никако да се оствари. Пред десеттина години се донесе одлука регионалната депонија да се гради кај светиниколското село Мечкуевци и кон неа да се приклучи и Североисточниот плански регион, зашто така инвестицијата би била поисплатлива. Но, и по толку време нема никакви најави за почеток на реализација на инвестицијата која треба да помогне регионите да ги решат сите свои „питоми“ и „диви“ депонии а отпадот од проблем да се претвори во профит.

Во смисла на оваа приказна се дојде до точка државата да распише тендер за избор на компанија која треба да ја гради фабриката за преработка на отпадот. Но, тендерот сè уште не е објавен. Иако беше најавено дека ќе биде распишан најдоцна во јануари годинава, во моментов тендерската документација е на одобрување во Министерството за финансии и Делегација на ЕУ.

Од Министерството за животна средина добивме информација дека тендерот ќе биде објавен во најбрз рок, веднаш штом пристигнат потврдите од двете институции. Според нив, наближувањето на изборите и фактот дека веќе функционираме со техничка Влада, нема да го одложат овој процес.

Процесот на распишување на тендерот за првата регионална депонија по европски стандарди во земјава трае веќе неколку години. Иако за проектот се обезбедени финансиски средства од европските фондови, а набавени се и возила и контејнери за сите општини од Источниот и Североисточниот регион, објавата на тендерот се одложи многупати досега. Од Министерството објаснуваат дека една од причините е и подготовка на урбанистичка документација за локациите која требало, но не ја завршиле општините.

„Бидејќи општините – крајни корисници на проектот не ја исполнија нивната обврска за подготовка на урбанистичка документација за локациите, Министерството за животна средина и просторно планирање ја презеде таа обврска. Подготовката и одбрувањето на урбанистичката документација траеше долго, а предизвика и промени во веќе подготвената техничка и тендерска документација. Дополнително, поради порast на цените на пазарот, порасна и проценетата вредност на проектот, за што се обезбедија дополнителни финансиски средства од национално кофинансирање“, информираат од министерството.

Регионална депонија во близина на овчеполското село Мечкуевци ќе треба да опслужува околу 370.000 жители од двата региона и би имала вкупен капацитет да прими 900.000 метри кубни отпад. Проектот е вреден околу 40 милиони евра, кои веќе се обезбедени од Европската Унија.

Покрај современиот третман на отпадот во идната регионална депонија во Мечкуевци, којшто подразбира спречување на продорот на исцедокот од отпадот во почвата и водите, на оваа локација ќе се подигнат погони за секундарна селекција на собраниот отпад, како и на постројки за сечкање на отпадот, преработка на обоените метали и скрининг и компостирање на градинарски отпад. Ќе бидат изградени и шест претоварни станици за отпад во Берово, Македонска Каменица, Кочани, Штип, Ранковце и Куманово. Освен за претовар на отпадот што ќе оди кон Мечкуевци, на овие локации ќе има постројки за компостирање на градинарскиот отпад, а на шесте локации ќе се собира мешаниот и посебен отпад, како што е градежниот шут, металните предмети, комуналниот опасен отпад (бои, лекови, средства за чистење) и кабастиот отпад (душеци, мебел, теписи итн).

Ова практично значи дека Македонија за првпат би добила современа фабрика за отпад по стандардите на ЕУ, во која само одреден процент од собраниот отпад всушност ќе се депонира на локацијата.

**Од Министерството за животна средина добивме информација дека тендерот ќе биде објавен во најбрз рок, веднаш штом пристигнат потврдите од двете институции. Според нив, наближувањето на изборите и фактот дека веќе функционираме со техничка Влада, нема да го одложат овој процес. За депонијата се обезбедени 40 милиони евра, европски пари.**

# Посветено на Славе Сирачевски, човекот со високи морални стандарди и неизмерна љубов кон своето Берово

На 72 годишна возраст почина Славе Сирачевски, човекот кој постави највисоки стандарди во македонскиот туризам, подигнувајќи го на едно светско ниво. Сирачевски беше сопственик на најголемата туристичка агенција во државава-Аурора Турс, на Аурора ресорт на Беровско езеро и на Аурора Козјак кај Скопје како уникатни туристички концепти.

Роден е во Берово, а неговата посветеност на економскиот развој преку развој на туризмот во Малешевијата како недоволно развиено подрачје беше неверојатна. Кога на почетокот од двеилјадитата година започна да го гради Аурора ресорт на брегот во Беровско езеро, и кога првпат го запознав, Славе ми остави впечаток на посебна личност, со висока култура, личност која ги цени луѓето, која сака да создава нови пријателства и која има посебна визија за туризмот кај нас како стопанска гранка. Иако тогаш за првпат се запознавме Сирачевски ме освои и со отвореноста за разговор на било која тема, а посебно на темата за која тој го имаше најсилното оружје-својот генијален ум, а тоа е туризмот.

Бидејќи таму бев во својство на новинар, ми беше по малку чудно тоа што еден бизмнисмен вложува голема сума на пари во едно, во тоа време прилично неразвиено подрачје кое, за волја на вистината, ги имаше раскошните Малешевски планини и Беровското езеро. Се друго беше еден прилично пуст крајолик, иако со години преттоа редовно се говореше и пишуваше дека овој крај својата поубава иднина треба да ја бара преку силен развојот на туризмот.

Моето прво прашање кое му го поставив на Сирачевски при нашата прва средба беше дали се исплатува толкава инвестиција во едно вака неразвиено подрачје.

„Мислам дека инвестицијата која сум подготвен да ја вложам во Аурора ресорт никогаш нема да ми се исплати, но јас имам сон, имам морална обврска кон моето родно Берово и кон Малешевијата, сега кога имам можности, да придонесам за економскиот развој преку развој на туризмот но на едно повисоко, да не речам светско ниво. Мене таа идеја, таа опсесија ми се приоритет во мојата работа, и во решеноста да инвестирам во родниот крај“ ми рече Сирачевски.

Повеќе од стотината вработени во неговата компанија ќе ви речат дека Славе беше човек од збор. Ги почитувал вработените гледајќи на нив како на дел од свое големо и посебно семејство. На многумина им бил учител по современиот туризам. Секогаш велел дека честа и чесноста се врвна човекова доблест, дека




ако тие квалитети ги немаш тогаш ти фали нешто многу големо и вредно кое те дефинира како личност, како човек.

Славе Сирачевски беше беспоговорно вљубен во Источниот регион и посебно во родното Берово постојано укажувајќи, во бројните интервјуа кои ги имавме, дека државата треба повеќе да вложува во развојот на нашиот Исток. И, како најекспонирана личност на туристичката фела во рамките на Стопанската комора на Македонија водеше континуирана борба за тој и таков развој.

„Ние мора, еднаш и за сите времиња, да обезбедиме услови за отворање на новиот граничен премин Клепало на македонско-бугарската граница. Овој премин во голема мерка ќе придонесе за раздвиженост на луѓето од двете страни на границата каде има голем број познати и квалитетни туристички капацитети кои се привлечни за туристите. Преминот Клепало ќе го олесни сообраќајот, ќе ги поврзе економиите на двете држави и ќе придонесе за благосостојба на граѓаните. Овој премин е предуслов за многу позасилен туристички развој на туристичките локалитети кај нас како што се Малешевскиот крај, Пијанецот, Осоговијата, Поникваˮ, коментираше Сирачевски.

Славе Сирачевски ненадејно го напушти овој свет, својата животна сопатничка Роза, своето семејство кое му беше врвна светост, соработниците, пријателите и сите кои го познаваа, но на брегот од Беровско Езеро останува неговиот светилник, Аурора ресорт, неговото капитално дело-плод на неговата туристичка визија за нашиот крај и за новата ера во туризмот. Дело кое сите негови почитувачи вечно ќе ги потсетува на една човечка и творечка големина.

**На Славе Сирачевски.**

Нека му лесна земјата.

**Иван Бојаџиски**

# Наташа ДИДЕНКО со монографија му оддаде почит на создателот на Музичкото училиште Сергеј МИХАЈЛОВ



***Наташа Диденко***

Наташа Диденко е со украинско потекло. Живее во Скопје, а работи ЈНУ Институтот за национална историја, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Како проф. д-р работи во Одделението за културна историја. По вокација е музиколог, изучувач на културната историја на Македонија, субспецијалист за историјата на македонската музичка култура. Диденко приреди монографија за животот и делото на рускиот емигрант во Македонија, покојниот Сергеј Михајлов. Со оглед на значењето на настанот со Диденко направивме разговор на оваа тема.




- Анализирајќи ја македонската историографија и улогата на сите оние личности кои дале значителен придонес во развојот на музиката со поголема уметничка вредност на почвата на Македонија, дојдов до сознанија дека животниот и творечкиот пат на Сергеј Михајов досега не е монографски претставен. За него досега е пишувано парцијално и во слоп на други историски настани, но не е опфатена неговата целокупна личност во склоп на општествено-политичките и културните настани во времето во кое живеел и работел (од неговото раѓање во 1885 година во Харков, па сè до згаснувањето на неговиот живот во 1975 година во неговиот втор дом -градот Штип). Во суштина тоа и ме поттикна да ги истражувам и анализирам животот и делото на Сергеј Михајлов – кој како историска личност несомнено по неговото доаѓање во Штип ги отворал вратите од јавниот културен живот за младите, ги поставувал образовните стандарди во музичкото образование, со акцент врз периодот на развитокот на музичката и сценската репродукција во современата македонска држава, создал музички дела, но и бил значаен чинител во институционалниот развој на македонската музичка култура пренесувајќи ги несебично своите знаења и искуства, вели Диденко.

Ја прашуваме за тоа на што е ставен главниот фокус во монографијата?.

-Фокус на неговата личност во досегашните истражувања е ставен на неговиот придонес во поставување и премиерата на првото музичко-сценско дело – операта „Палјачи" од италијанскиот композитор Руџеро Леонкавало. Меѓутоа неговиот придонес во институционалниот развој на македонската музичка култура, во збогатувањето на македонското музичко творештво бидејќи тој се јавува и во улога на композитор и аранжер, потоа придонесот кој тој го дал во музичката педагогија врз основа на својата неуморна работа во музичко-педагошка дејност но и со пишувањето на неговиот прирачник за почетна настава по музичкиот инструмент пијано од почетниот повоен период па сé до завршувањето на неговиот животен век досега како да беа заборавени и јас на овој дел од неговото дело и неговиот живот го стаив фокусот. Наташа вели дека инспирација за неа претставува токму неговата спо-

собност, интелигентност и мудрост врз чија основа постигнал високи уметнички и творечки дострели.

-Имено и од денешна перспектива неговата личност претставува вистински модел како треба секој еден од нас да се однесува кон професијата што сме ја избрале како главно занимање, коментира нашата соговорничка и додава:.

Тука сакам да надополнам дека во професионалното занимавање со музичката уметност за поеди-



нецот да се издвои од толпата не треба само да поседува талент, туку пред сè треба да има извонреден пример за следење, односно да биде во класата на музички педагог кој преку пренесувањето на љубовта, знаењата, умеењата и личните искуства не само што ќе го насочува ученикот да ја сака вистински својата професија, туку и ќе придонесува да ги развива сите елементи од



аспект на музичко-теоретска, музичко-уметничка и техничка подготвеност. На тој начин поединецот од една страна станува способен за успешно препознавање, репродуцирање и анализирање на содржинските елементи во музичките композиции, додека пак од друга страна за развивање и унапредување на изведувачките способности преку запознавање и совладување на определен репертоар на дела од различни музички правци, стилови и епохи, но и за развивање на креативните способности за создавање и реализација на сопствени музички идеи условени со техничките можности на музичкиот инструмент.

Исто така посветениот музички педагог има влијание и врз создавањето на работната навика за секојдневна домашна индивидуална работа - вежбање и самостојно учење, како и врз развојот на самокритичноста и самодисциплинираноста кај поединецот што е од неопходно значење за изодување на тешкиот, трновитиот и непредвидливиот пат кој го носи музичката професија со себе. Впрочем, да се биде во класата на музички педагог кој целосно е посветен на музиката со исклучителна професионалност, кој на секој проблем дали во индивидуалната или пак во групната настава приоѓа на единствен за него препознатлив начин, со стремеж тоа што ќе го изработи и создаде биде на своето идеално место. Меѓу таквиот профил на музички педагози кој целосно и несебично им бил посветен на своите ученици до последниот момент од својот живот се вбројува токму Сергеј Михајлов. Неговата незапирлива творечка, креативна, тетарска, музичко и педагошка дејноста за мене претставуваа најголема

***Она што особено ме радува е дека за ликот и делото на Сергеј Михајлов сеуште се чувствува онаа топла енергија, што впрочем и тој самиот ја пренесувал во својата секојдневна неуморна работа. При собирањето на материјалите и од соработката со луѓето кои лично го познавале Сергеј или пак биле негови ученици јас имав можност да почувствувам колку тие сеуште го почитуваат, сакаат и чувствуваат како близок човек кој им помогал во отворањето на вратите и при изборот на нивната животна професија.***

инспирација за истражување на неговиот живот и дело. Таа на монографијата интензивно работела две години.

- Она што особено ме радува е дека за ликот и делото на Сергеј Михајлов сеуште се чувствува онаа топла енергија, што впрочем и тој самиот ја пренесувал во својата секојдневна неуморна работа. При собирањето на материјалите и од соработката со луѓето кои лично го познавале Сергеј или пак биле негови ученици јас имав можност да почувствувам колку тие сеуште го почитуваат, сакаат и чувствуваат како близок човек кој им помогал во отворањето на вратите и при изборот на нивната животна професија.

Диденко упатува благодарност до ДМУЦ „Серге Михајлов“ за посетата на промоцијата и покажаниот интерес за монографијата. Навистина ќе ме радува доколку помладите генерации покажат интерес за читање на истата. На тој начин ќе го разберат она всушност го покажал Сергеј Михајлов а тоа е како што има истакнато Лудвиг Ван Бетовен „Музиката помага со товарите во животот, но и помага во ослободување на нашата среќа кон другите“.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna

Интервју со Марија Емилија Кукубајска

# Сакав пред се да бидам добар човек



Марија Емилија Кукубајска

***Кажете ни нешто за вашето детство?***

Инспирирано од чудесното Ново Село, од родителската љубов, и од книгите.

***Што сонувавте да бидете како дете?***

Силен ум, а тивок карактер. Да ги прочитам сите библиотеки, да разбирам други култури. Да сум астронаут.

***Кои писатели во раното детство ја уживаа вашата доверба?***

Бајки, од народниот гениј. Биографии на генијалните.

***Кои литературни дела би им препорачале на денешните деца?***

И научно технолошка и класична литература, и современи дела.

***Какви беа Вашите книжевни почетоци?***

Динамични, со многу први награди, на разни културолошки теми: против злото на војната, за љубовта кон Македонија,за историја на писменоста, напредокот на светот. На 17 години, автор на детски роман за Вита Поп Јорданова. Во „Политика“вклучена меѓу најистакнати младинци од Југославија. Кај Тито – со делегација за неговиот роденден.

***Како и кога настана Вашата љубов кон пишувањето?***

Од љубопитност да знам во што е големината на човечноста.Пред да пишувам измислував содржини. На студии, во Скопје, Германија, САД, Либија, Малта, изучував и пишував за светската книжевност, за човековите триумфи и трагедии, вредности и антивредности.

***Дали отсекогаш сте сакале да бидете писател?***

Сакав пред се’ да бидам добар човек. Тоа не се постигнува со егоизам или комерцијализам, но, со едуцирана ихумана, етичка мисла.

***Кога го напишавте првото литературно дело, а кога ја објавивте првата книга?***

Првата песничка ја објавив во четврто одд. Прва книга напишав во гимназија,се објави 1973.

***Во што наоѓате инспирација кога пишувате?***

Во се’. Најмногу во историјата и космосот.

***Како се одвива вашиот процес на пишување и творење?***

Сега во доцни години, забрзано ја вклучувам „минутажата“ за да доработам и нови и стари ракописи.

***Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?***

Не е ништо тешко, доколку е јасно. Почнувам со одреден концепт, а до крај на делото ме водат спознанија, и корекции.

***На кои книжевни дела често се враќате?***

Консултирам и прочитани и нови дела, пред се’ документарна литература.

***Што читате во моментов?***

Age of Revolutions: Progress and Backlash from 1600 to the Present, by Fareed Zakaria..

***Како би ја дефинирале денешната македонска книжевност?***

Книжевноста како и реалноста - во дебаланс. Македонските автори - поведени по увозни шаблони, во страв од цензура, без реална слобода на изразување, истражување – заложби за македонскиот ослободен ум.

***Дали сѐуште се радувате на книга како подарок?***

Не толку како порано. Читам книги од интернет пред се’.

***Дали го знаете бројот на книги во Вашата библиотека?***

Беа 11.000. Донирав 4000. На НУУБ Гоце Делчев подарив 1001 книга...

***Кога би требало да земете само една книга со себе на пуст остров, која книга би била тоа?***

„Македонците, милениумски сведоштва за идентитетското име“, од Бранислав Светозаревиќ.

***Кога ќе погледнете зад Вас, што сфаќате дека е најважно во животот, дали можеби љубовта, здравјето или нешто сосема трето?***

Љубовта е врвна доблест; ја просветлува духовноста. Здравјето е апсолутен фактор за развој на битието, народите, планетата.

***Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?***

Едукација, информација, имагинација. Иинтелект за рассудувањето со интегритет, за инспиративна книжевност со човечна душа, каква не ќе има ниту највештата вештачка интелигенција.

***Тодор Џидров и Јована Рилак,***
***библиотекари***



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ГРАНИЧИМЕ ЛИ СО ГОСПОД

Во збирката раскази „Приказни за драгиот Бог" на Рајнер Марија Рилке, има расказ со наслов „Како предавството стигнало во Русија" . Раскажувачот, може да е и самиот автор Рилке, на пријателот кој во својата инвалидска количка постојано е покрај прозорецот низ кој гледа на улицата на која вообичаено децата го градат својот детски свет низ игри и палавштини, му објаснува од какво значење е Господ за Русите.

За него Русија не граничи со никој друг освен со Господ. За рускиот народ Господ е во се': во храната, во облеката и во царот. Рускиот народ подеднакво се моли на Господ и на царот. Не ја симнуваат само капата, туку клечат пред него и му ги бакнуваат нозете. Иван Василевич кој народот го сметал за Господ, на кнезовите од соседните земји им рекол  за да живеат во мир и благосостојба ќе треба во Москва да донесат вреќи со злато. Количината била осум вреќи. Кнезовите се собрале и се договориле. Потоа пратиле абер до Иван Василевич. Се согласиле да однесат злато во Москава, само ако царот одговори на три прашања. Ако одговорот ги задоволи ќе ги исполнат барањата на царот.

Иван Василевич го прифатил предизвикот. Сериозно се задумал. Но, до одговор на поставените прашања никако да дојде. Ги повикал царските советници. И тие сериозно се задумале. Но, одговор на прашањата не дале. Кога Иван Василевич тргнал на закажаниот состанок со кнезовите немал одговор но, имал надеж дека попат ќе сретне некој умен старец што ќе му помогне. И навистина, од прозорцот на царската каруца видел како еден белобрад старец  ја покрива колибката. Старецот качувал само по една летвичка на покривот. Постојано се качувал и слегувал и со себе носел само по една летвичка. Царот Иван Василевич викнал: „Глупаку, зошто кога се качуваш не земеш повеќе летвички, туку  само една?" Старецот му одговорил: „Ова е моја работа, не ваша." Царот се изненадил кога старецот му рекол дека ги знае одговорите на трите прашања што му ги поставиле кнезовите.

Пред да тргне да им ги каже одгворите на кнезовите, побарал од старецот самиот да си ја одреди наградата. Старецот одбивал, ама кога видел дека царот не попушта, побарал една вреќа од осумте полни со злато. Иван Василевич веднаш се согласил. Кнезовите биле задоволни од одговорите, златото стигнало во Москва. Кога Иван Васиљевич почнал да истура вреќе по вреќа на подот во царската палата не забележал дека ги истурил сите осум. Тргнал да ја исправи грешката и во една од вреќите да го врати златото но, му се видело дека тоа е многу злато за услугата што треба да ја плати. Наредил три четвртини од вреќата да се наполни со песок, а само една четвртина со злато. Само што ги видел старецот гласниците на царот им рекол: „ Вратете ја назад вреќата полна со песок и кажете му дека не ми треба златото, можам да живеам и без него. Не очекував злато, туку вистина и правичност. Во Русија немало предавство .Тој самиот ќе биде виновен кога ќе забележи дека не може да има доверба во никого. Од век на век ќе го подржуваат неговиот пример многу во Русија"

Кога го прочитав расказот на Рилке, ми текна на нашава „Страдалница". Со кого граничи таа?- се прашав. Како што стојат работите, не граничи со никој друг освен со драгиот Господ. Да, само со драгиот Господ кој знаеме што говори но, не знаеме што мисли.

Ако мисли да ни помогне,нека помага. Време е!

***За рускиот народ Господ е во се': во храната, во облеката и во царот. Рускиот народ подеднакво се моли на Господ и на царот. Не ја симнуваат само капата, туку клечат пред него и му ги бакнуваат нозете. Иван Василевич кој народот го сметал за Господ, на кнезовите од соседните земји им рекол за да живеат во мир и благосостојба ќе треба во Москва да донесат  осум вреќи со злато...***

*П.С. Популарноста на Риклевите раскази за критиката доаѓа од тоа што во нив читателите можат да најдат низа од блиски теми и мотиви, сензибилитет кој одговара на духот на времето."*



**Пишува:**
**д-р Даница Фичорска,**
**специјалист физијатер**
**во пензија**

# Бело Брдо и ние

На најисточниот дел од Штип, наспроти Исарот, се наоѓа маалото на брезите, зошто секоја куќа има по една до две дрва во дворот кои први ја поздравуваат пролетта со своите нежни ливчиња, а есента последна ги посипува улиците со своето злато и ги прави волшебни.

Е, во тоа тивко маало живееме повеке од 40 години и таму пораснаа нашите деца, кои сега се веќе возрасни луѓе. Кога беа мали маалото имаше само едно детско игралиште снабдено со лулашки, клацкалки, лизгалки, стативи со фиксиран кош за кошарка и клупи на кои ние возрасните ја следевме нивната игра.

Тоа е време на кои некои веќе и не се сеќаваат кога се водеше војна меѓу децата кој ќе игра под кошот, и обично тоа беа поголемите деца, момчињата додека другите го чекаа својот ред и сите се трудеа први да дојдат. Еден ден една група од деца ја нападна со стапови групата што играше и не го одстаспуваше кошот, а другиот ден тие им се одмаздија со камења. Ова вака не одеше и на еден состанок на маалото се донесе одлука да се направи друго игралиште каде ќе има место за сите.

Речено, сторено. Идната пролет се исече миндаловата шумичка на Бело брдо, а неговиот врв се израмни со цела механизација со која располагаше општината и се доби чудесна рамна површина во големина на фудбалско игралиште. Таа зима паднаа многу дождови и горните куќи се наполнија со вода која се слеваше од игралиштето. Се снаоѓавме некако со копање на одводни канали околу куќите подготвени сѐ да издржиме само и само да престане војната помеѓу децата.

Другата година се направи ограда околу игралиштето, се поствија стативи, пластични настрешници со зацврстени столчиња за одмор и за следење на играта и целото се препокри со чудесна вештачка зелена трева на која јас во сите овие години и се восхитувам на издржливоста. Набрзо игралиштето стана омилено место за игра на поголемите деца, а и на возрасните воглавно за брзо одење. Се игра фудбал по цел ден, а понекогаш тука тренираат и поголемите тимови, како Брегалница.

Како игралиштето е на највисоката кота над градот, сонцето го грее од утро до вечер воздухот е толку чист што се гледа и мала мушичка во далечина. Доаѓањето тука, покрај дишењето чист воздух даваат и барем час два поминати на сонце, посебно во есен и зима, кога ноќта брзо доаѓа и деновите се покуси. Сега децата не војуваат, но имаат друг натпревар, кој ќе фрли повеќе пластични шишиња од вода, пластични кесиња, хартија, одпадоци од храна, од облека и се што човек може да замисли.

Кога ќе дојдете тука најпрво треба да го прескокнете одпадот, да шлапнете во баричките кои се создаваат пред игралиштето со водата од чешмата која постојано тече, а потоа да ве удри мирис од некое згазено или отруено животно. Набрзо ги снема столчињата кои беа добро зацврстени, пластичните настрешници кои штитеа од дожд или сонце, а оградата на места е искината за да може и од таму да се влезе. Не знам кој победи во војната на децата пред дваесет години, стаповите или камењата, но знам дека сега тука се важни родителите и наставниците кои можат да го спречат овај вандалски порив, желба за уништување кај децата.

***...Не знам кој победи во војната на децата пред дваесет години, стаповите или камењата, но знам дека сега тука се важни родителите и наставниците кои можат да го спречат овај вандалски порив, желба за уништување кај децата. Наставници – родители сега сте вие на потег. Вие со вашите совети, разговори ставете им до знаење дека ова е нивно игралиште и тие се одговорни дали ќе биде место за игра, место за релаксација и убави средби.***

Наставници – родители сега сте вие на потег. Вие со вашите совети, разговори ставете им до знаење дека ова е нивно игралиште и тие се одговорни дали ќе биде место за игра, место за релаксација и убави средби. Ако се доградат и другите пропратни елементи, седишта, добро осветлување, убаво зеленило нека биде место каде секој ќе посака да дојде. Победа ќе прославиме само кога мирисот од миндалите, што растат секаде наоколу, ќе ја поздрават пак годината што доаѓа.

# „Ѓердан“ вокална пејачка група која ја негува староградската македонска народна песна



Надица Наковска, Софија Михајлова, Снежанка Миланова и Виолета Ефтимова. Четири штипски дами кои пред три години решија да ги здружат своите неспорни гласовни можности и да ја создадат вокалната пејачка група „Ѓердан“. Три години тие се присутни на сцените низ Македонија...

-Се определивме за староградската македонска народна песна. За нашите настапи сами си изработивме соодветна облек за да можеме и гласовно и визуелно да го доловиме времето кога староградската народна песна кај нас била многу ценета, сакана и слушана. Облеката ја комбинираме според тематиката на песната која ја изведуваме, ни рекоа овие надарени за песна и сцена штипски дами.



Главно пеат без музичка придружба но...

-Во последно време ни се приклучи и Ѓорѓи Василев кој не придружува на хармоника, а свири и на многу други народни инструметни. Претходно соработувавме и со Кенан Сербезовски оркестарот во кој свират неговите внуци сите ученици во Музичкото училиште, подочува Снежанка..

-Групата ја создадовме на моја иницијатива бидејќи јас и Виолета пеевме во хор, а Надица, Виолета и јас бевме членови на играорна група. Видовме дека имаме гласовни можности и ја формиравме групата „Ѓердан“ вели Софија.

Според членките на „Ѓердан“ насекаде каде настапувале од одгласот на публиката го добивале истото чувство: дека нашиот нароид многу ја сака староградаската народна песна.-„Тоа е и наша цел, да ја сочуваме старата градска песна, штипската посебно, па каде и да настапуваме на репертоарот секогаш имаме најмалку по една таква песна од Штип и штипско“, појаснува Надица.

Посебно е интересно тоа што групата од никаде нема финансиска поддршка и своето постоење, од гардеробата до патувањата сами си ги финансираат. Тоа, секако не е ефтино, но нвината љубов кон овој вид песна е неизмерна.

-Досега настапувавме повеќе пати во родниот Штип, па во Прилеп, Битола, Охрид. Настапуваме и како група на Новогодишните концерти на КУД „Ристо Донев-Учителот“ и КУД „Тоска“ со кои друштва тесно соработуваме, се ндаоврзува Виолета.



Во последно време ги бараат од националните ТВ куќи и од разни хуманитарни манифестации. Учествувале на „Македонски талент шоу“ во Охрид, на хуманитарен концерт пред преполна сала во Домот на култура во Прилеп, на ТВ сител во „Мерак меана“...

Тие во Домот на култура имаат термини за проба двапати неделно и тоа за сега им е доволно. Овие вљубенички во староградската македонска народна песна најавуваат снимање на цд со избор од нивните најдобри песни.

# Музејот со 23 големи проекти и влог од 2.945.000 денари во нив

**Годинава ќе се работи на територијата на општините Штип, Карбинци и Свети Николе.**

Заводот за заштита на спомениците на култура и Музеј Штип ја претстави својата Нацрт-програма за тековната 2024 година. Оваа институција од областа на културата и музејската дејност ќе реализира вкупно 23 поголеми активности што се смета за обемна работа на една институција од ваков формат и значење.

-За реализација на сите проекти предвидени со Нацрт-годишната програма на нашата институција планирани се 2.945.000 денари. Проектите се во рамките на три посебни области: првата е заштита на движното и недвижното културно наследство на територијата на општините Штип, Карбинци и Свети Николе, втората музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство и третата визуелни уметности, архитектура и дизајн, вели директорот д-р Митко Штерјов.



Баргала

За тековно оддржување на археолошкиот локалитет Баргала годинава ќе се потрошат 400.000 денари додека за реализација на Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на западен крак од јужниот бедем на археолошкиот локалитет Баргала ќе се инвестираат 500.000 денари. За конзерваторски истражувања и изготвување на основен проект за конзервација на градба во дворски стил сектор Владетелска палата, археолошки локалитет Градиште / Славков Дол, Билазора-с. Кнежје општина Свети Николе се наменети 300.000 денари.



Билазора

По 100.000 денари се наменети за конзерваторско истражување и изработка на Основен проект за конзерваторско – реставраторски работи на дел од источниот бедем на археолошкиот локалитет Баргала во Општина Карбинци и за изработка на ЗКО во надлежност на Завод и Музеј Штип. По 150.000 денари ќе бидат вложени во тековното одржување на Спомен куќата на Славчо Стојменски и на Музејот на ВМРО во Штип и Штипско (1893-1934) во штипско Ново Село.



Беш Тепе

За реализација на дванаесет проекти од Музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство ќе бидат инвестирасани 1.100.000 денари, а од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн посебно внимание привлекува изложбата на уметнички дела под наслов „Штип во делата на македонските уметници“ и изложбата под наслов „Македонска графика – дела од колекцијата на Завод и музеј Штип.

Млад брачен пар, слабо ситуиран, оди на одмор на море.
Еден ден сопругата му вели на сопругот:
-Вечерва те водам на скапа вечера.
Кога завршила вечерата жената платила поголема сума за уживањето.
-Од каде жено толку многу пари?
-Нека е жива штедната книшка, рекла сопругата.
Наредниот ден жената го води мажот во голема стоковна куѓа и му купува скапа гардероба.
-Де бре жено, од каде пак сега и овие големи пари?
-Нека е жива штедната книшка, повторила жената.
Наредниот ден заминале на плажа. Жената влегла во морето и кога навлегла во вода до колена мажот и свикал по неа:
-Жено, не оди подлабоко, оти ќе ја натопиш штедната книшка!

Експедиција од светски научници оди длабокот во Амназонслката џунгла..
Екипата наидува на непознато племе. Водачот на експедицијата го
прашува поглаварот на племето:
-Дали вие тука имате човекојадци?
-Немаме, последниот вчера го изедовме, рекол главешината.

Сопруга го посетува својот сопруг во затвор.
-Мажу, имам многу добра вест за тебе.
-Ај кажувај, не ме оставај во неизвесност, рекол сопругот.
-Твојот адвокат ми рече дека казната ќе ти ја намалат за една година!
-Добро, а ти се израдува ли на тоа?
-Немаш претстава колку се израдував, од силна радост за малку ќе му испаднев од креветот...

Премиерот на Македонија оди во посета на Саудиска Арабија.
Вечерта шеикот му вели дека ќе го води во јавна куќа.
Отишол премиерот во јавната куќа, по еден час излегува од таму и му
вели на шеикот: се убаво, ама ништо без мојата жена.
По него во јавната куќа влегува вицепремиерот, па по еден час и тој излегува.
Шеикот и него го прашува како си поминал меѓу најубавите жени на светот.
-Беше убаво, ама навистина ништо без жената на премиерот, рекол тој.



# Андреа Нисева од БК „Олимпија" најдобар млад спортист за 2023 година во избор на М-НЕТ ТВ

Спортисти, спортски работници, тренери, членови на спортски клубови и здруженија, спортски новинари и луѓе кои придонеле во областа на спортот беа дел од првата манифестација за Избор на спортист до 18 години на град Штип за 2023 година во организација на М-НЕТ телевизија.




*Нисева со признанието и каратистот Павлов*




*Зоран Шоров со признанието и кик боксерката Варадинова*




*Басаров со признанието и спортскиот новинарот Ванев*

-Целта на една ваква манифестација е да се афирмира спортот, да се поттикнат младите да спортуваат и да водат здрав начин на живот. Тенденцијата ни е ова да прерасне во традиција и да се прошири и на Регионално ниво, рече д-р Благој Серсемов, главен и одговорен уредник на ова телевизија..

За најдобар спортист до 18 години е избрана Андреа Нисева од БК „Олимпија", втората награда му беше доделена на Андреј Басаров, а трета на Зоран Шоров. На настанот присуствуваше и градоначалникот Иван Јорданов.

-Секој успех на спортистите е и успех на градот. Нашите успешни спортисти придонесуваат за силна аффирмација на нашиот Штип но и на државта, Оваа манифестација е дополнителен мотив за нас како локална самоуправа заеднички да продолжиме со афирмација и промоција на спортот, зголемување на бројот на спортисти ќе спортуваат, ќе нижат успеси и ќе бидат наши амбасадори, и ќе влијае на зголемувањње на бројот на рекреативци. Со секој успех на вас спортистите се гордееме и ние како штипјани и како македонци. Затоа вие сте нашата гордост во која треба заеднички да вложуваме, рече првиот граѓанин на Штип.

Претходно, во периодот од 18 јануари до 5 февруари, спортитстите имаа можност да се пријавуваат на официјалната веб страница и во просториите на М-Нет телевизија. Пристигнаа над 60 пријави, од кои Комиси- јата избра 20 спортисти на кои им беа доделени признаија. Првото, второт и трето место беа наградени и со парични награди.



*Пофални зборови за манифестацијата од градоначалникот Иван Јорданов*

# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Нашите жени ја добија битката за рамноправност со мажите. Денес нив ги има многу повеќе во кафулињата и ресторантите од „посилниот“ пол.**

**Владата одлучи: Посмртнината на пензионерите се покачува од 30.000 на 35.000 денари. Коментар на еден пензионер: Не ме фаќате на јадицата, без илјада евра нема шанса да ви умрам!**

**Ако сакаш да се дружиш со совршен човек Тогаш дружи се со самиот себе. И најрасипаниот за себе мисли дека е – најсовршен.**

**Од татковината бегаат само оние кои и не заслужиле да се родат во неа. Одговорните на родната грутка остануваат кога нејзе и е најтешко.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | | | | 5 | | | |
| | 7 | | 9 | | | | 4 | |
| | | 9 | | 7 | 8 | 3 | 2 | 5 |
| 3 | | 1 | | 9 | | | 5 | |
| | | 6 | | | | 1 | | |
| | 9 | | | 3 | | 6 | | 2 |
| 2 | 8 | 3 | 6 | 5 | | 7 | | |
| | 1 | | | | 2 | | 8 | |
| | | | 1 | | | | | 9 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 29.02.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Ш.Г. | Бразил. фудба-лер | Организ. кои живеат без кисл-лород | Река во Украина | Вид коњски од | Очен лекар | Виничко село |
| | | | | | | | Раздор | | | | | | |
| | | | | | | | Вулкан во Јапонија (на Хоншу) | | | | | | |
| | | | | | | | Старото име на Нин | | | | | | |
| | | | | | | | Воздух (лат.) | | | | Лени Кравиц / Гајтани | | |
| | | | | | | | Ли Ремик | | | Врарови Одметник / отпадник (лат.) | | | |
| Ш.Г. | Италијан. компо-зитор | Соли на уранската киселина | Наука за полжавите | Артисктка Савина | Група птици во лет | Францу-ски пи-сател | Пејачка Драгоевич / Вид морски рак (мн.) | | | | | | Пејач Сакич |
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Европска река | | | | | | | | Река во Нигерија / Улица (скр.) | | | | Сврзник / Област (тур.) | |
| Романски фудбалер Родион | | | | | | | | | Вид гас / Релација | | | | |
| Показна заменка | | | | Најука за ушите и нивните болести / Слично (скр.) | | | | | | | | | |
| Физича-рот Планк | | | | | Самогла-ска и сог-ласка / Милост (разг.) | | | Наша афирма-ција / Животно со боцки | | | Конак / Голема математ. заграда | | |
| Герман. конст-руктор | | | | | | | | | | | | | Рибо-ловци |
| Вид ста-рогрчки шешир | | | | Сели Филд / Машко име | | | Пејач Дасен / Река во Турција и Русија | | | Шкотс. физичар Џон / Казан | | | |
| Вокал | | Амер.арт. Кејт / Полет | | | | | | Кошарк. Пипен / Канал за наводн.во Средна Азија | | | | | |
| Јужно америк револу. Ернесто | | | | | | | | | Јадран. остров / Италија | | | | |
| Војво-дински тенисер Золтан | | | | | Токиски аеродром / Алпс. врв во Швај-царија | | | | | | | Ангстерм / Ербиум | |
| Наш фудбал. Илија | | | | | | | | | Брази. фудбалер / Првата буква | | | | |
| Инатење | | | | | | Вид украсна риба | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA